‚Не казнувајте со Аллаховата казна.‘

Икриме раскажува дека Али, Аллах нека е задоволен со него, спалил група луѓе. Кога тоа допрело до Ибн Абас, тој рекол: „Да бев јас, немаше да ги спалам, затоа што Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол: ‚Не казнувајте со Аллаховата казна.‘ Но, ќе ги убиев, како што рече Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем: ‚Кој ќе ја промени својата вера — убијте го.‘“

[صحيح] [رواه البخاري]

Али бин ебу Талиб, Аллах нека е задоволен со него, направил иџтихад и спалил со оган една група зиндици (неверници) кои отстапиле од исламот. Кога тоа стигнало до Абдулах бин Абас, Аллах нека е задоволен со обајцата, тој го поддржал нивното убивање, но го отфрлил нивното спалување со оган. Тој рекол: „Јас да бев на негово место, немаше да ги спалам со оган, бидејќи Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, појаснил дека со оган казнува само Аллах, Господарот на огнот. Но доволно е нивното убивање, затоа што Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, рече: ‚Кој ќе отстапи од исламот и ќе ја смени својата вера со друга – убијте го.‘“

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/58227